Сабота-недела 16-17.12.2006 www.spic.com.mk

# ТОН БРАШНО ОД „КАДИНО“ ЗА НАРОДНИТЕ КУЈНИ

МЕЛНИЦАТА „Кадино“ донираше тон брашно за народните кујни во скопските цркви „Свети Петар и Павле“ и „Света Петка“ во населбите Ѓорче Петров и во Црниче.

- Апелираме сите фирми да го следат нашиот пример, зашто само со вакви донации ќе можеме да им ја вратиме насмевката и ќе покажеме дека некој мисли и на нив - вели извршниот директор на „Кадино“, Тодор Ѓоргевски.

Донацијата ќе ги задоволи едномесечните потреби од брашно на народните кујни, кои ги отвори хуманитарната организација „Ѓаконија“.